

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**декември, 2021 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

Резиме ..... 2

1. Реален сектор

Индустриско производство ..... 3
Број на работници во индустријата ..... 4
Деловни тенденции во преработувачката индустрија ..... 5
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 5
Инфлација ..... 6
Берзански цени ..... 7

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ..... 9
Увоз ..... 10
Салдо на трговска размена ..... 11
Валутна структура ..... 12

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ..... 12
Буџетски расходи според економската класификација ..... 13
Расходи по буџетски корисници ..... 14
Буџетско салдо ..... 15

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување ..... 16
Плати ..... 17
Пензии ..... 17

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ..... 18
Депозитен потенцијал ..... 18
Кредити на банките ..... 19
Каматни стапки на депозитни банки ..... 20
Пазар на капитал ..... 20
Девизни резерви ..... 20



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

декември, 2021 година

- Индустриското производство во декември 2021 година забележа пад од 4,9% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во декември 2021 година регистрираа забрзан годишен раст од 4,9%;
- Во 2021 година извозот забележа раст од 19,8%, а увозот раст од 26,9%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 49,5%, споредено со 2020 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во 2021 година изнесуваа 218.518 милиони денари, односно 30,3% од БДП, што претставува повисоко остварување за 15,1% во однос на 2020 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во 2021 година изнесуваа 257.353 милиони денари, односно 35,7% од БДП, што е за 5,6% повеќе во однос на претходната година;
- Вкупните кредити на банките во декември 2021 година се зголемија за 8,3% во споредба со декември 2020 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 7,8%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во декември 2021 година забележа пад од 4,9% во споредба со истиот месец претходната година. Падот во декември 2021 се должи исклучиво на намаленото производство во секторот Преработувачка индустрија од 9,1% (придонес од -7,2 п.п.), додека во секторот Снабдување со ел. енергија, гас пареа и климатизација е забележан раст од 20,5% (придонес од 2,1 п.п.), а во секторот Рударство и вадење на камен раст од 2,5% (придонес од 0,3 п.п.).



Графикон 11: Индустриско производство (стапки на раст во %)



Графикон 12: Структура на растот на индустријата (придонеси во п.п.)

Раст на производството во декември 2021 година бележат 14 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 50,0% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, во декември 2021 година производството на електрична опрема забележа раст од 30,2% и придонес од 1,1 п.п., додека производството на моторни возила опадна за 24,3% и придонес од -2,8 п.п., а производството на машини и уреди се намали за 15,1% и придонес од -0,9 п.п.. Од традиционалните гранки, во декември 2021 година е забележан раст кај производството на тутунски производи од 175,0% и придонес од 2,9 п.п., како и кај прехранбената индустрија од 1,2% и придонес



Графикон 13а: Гранки со позитивен придонес во растот (стапки на раст во %, декември 2021 година)



Графикон 13б: Гранки со негативен придонес во растот (стапки на раст во %, декември 2021 година)

од 0,1 п.п.. Од друга страна, производството на текстил забележа пад од 29,9% и придонес од -1,3 п.п., производството на облека опадна за 7,1% и придонес од -0,6


MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

п.п., а производството на пијалаци се намали за 7,7% и придонес од -0,3 п.п..

Падот на производството според намената на произведените единици во декември 2021 година е последица на намаленото производство на капитални производи од 20,5% (придонес од -4,4 п.п.), интермедијарни производи, освен енергија од 5,8% (придонес од -1,8 п.п.), како и нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,3% (придонес од -1,4 п.п.).

На кумулативна основа, во 2021 година индустријата забележа раст од 1,4%, што се должи на зголеменото производство во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од од 1,2% (придонес од 1,0 п.п.), Рударство и вадење на камен од 2,4% (придонес од 0,3 п.п.) и Снабудвање со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 2,1% (придонес од 0,2 п.п.). Од индустриските гранки, највисок придонес во растот имаат производството на електрична опрема од 0,9 п.п. при раст од 26,3%, како и производството на хемикалии и хемиски производи исто така од 0,9 п.п. при раст од 49,3%.

Според намената на произведените единици, растот во 2021 година главно се должи на растот на производството во гранката Интермедијарни производи освен енергија од 7,4% (придонес од 2,3 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во декември 2021 година е намален за 3,2%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење на камен од 6,2%, Преработувачка индустрија од 3,1% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,3%. Сепак, постојат гранки со двоцифрен раст на вработеноста, како што се производството на тутунски производи со раст од 20,4% и производството на компјутерски, електронски и оптички производи со раст од 10,7%.

Графикон 14: Вработеност и продуктивност во индустријата
(стапки на раст во %)




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во декември 2021 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека намалување на бројот на работници има кај нетрајните производи за широка потрошувачка од 7,2%, енергијата за 2,8% и капиталните производи за 0,5%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во 2021 година бележи пад од 2,4%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно Рударство и вадење на камен од 7,1%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,4% и Преработувачка индустрија од 2,0%.

Во поглед на наменските групи, бројот на работници во индустријата во 2021 година е намален кај енергијата, интермедијарните и нетрајните производи, а падот е најизразит во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 5,6%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во декември 2021 година е понеповолна споредено со ноември 2021 година, но е поповолна во однос на истиот месец од 2020 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во декември изнесува 68,8% од нормалното искористување, што претставува пад споредено со претходниот месец кога изнесувало 69,6%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е намалена за 0,4 п.п..

Графикон 1.5: Деловни тенденции во преработувачка индустрија




Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во декември имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 20,8%, неизвесното економско окружување со 14,1%, недостигот на квалификувана работна сила со 17,5% и недоволната домашна побарувачка со 13,1%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во декември 2021 година во однос на ноември 2021 година е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни, а залихите на готови производи на месечна основа се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во декември 2021 година издадени се вкупно 378 одобренија за градење, што претставува раст од 23,9% споредено со декември 2020 година. Во однос на претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 6,9%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во декември 2021 година споредено со истиот месец од 2020 година е повисока за 3,0%, а на месечна основа бележи пад од 59,9%.

Графикон 1.6: Одобренија за градење и вредност на работите (број во единици; вредност во милиони денари)




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 228 (или 60,3%) се наменети за објекти од високоградба, 42 (или 11,1%) за објекти од нискоградба и 108 (или

Графикон 1.7: Структура на издадените одобренија за градење по региони (декември 2021)




Извор: ДЗС.

28,6%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 378 издадени одобренија за градба, на 226 објекти (или 59,8%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 152 објекти (или 40,2%) инвеститори се деловни субјекти.

Графикон 18: Предвидена вредност на објектите по региони (во милиони денари)




Со издадените одобренија за градење во декември 2021 година предвидена е изградба на 757 станови со вкупна корисна површина од 64.401 м². Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е намален за 41,0%, а на годишно ниво е повисок за 103,5%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во декември 2021 година регистрираа забрзан годишен раст од 4,9%, што главно се должи на растот на цените на храната, како и на растот на цените на нафтените деривати и на цените од категоријата транспорт, додека цените на енергијата во последните месеци забележуваат забавен раст. Претходниот месец потрошувачките цени регистрираа раст од 4,8% на годишно ниво. Стапката на инфлација е над проекциите на НБРСМ кај сите три компоненти. Согласно тоа во ноември 2021 година НБРСМ ја ревидираше во нагорна насока проекцијата за стапката на инфлација за 2021 година од 2,2% на 3,1%, пред сé поради увозните притисоци односно поради неизвесноста од движењето на светските цени на примарните производи, и тоа на енергенсите и нарушувањето на глобалните синџири на снабдување, како резултат на пандемијата. Стапката на инфлација за 2021 година изнесува 3,2% и во овој период се забележува значителен раст на цените на маслото и на цените на нафтените деривати.

Графикон 19: Инфлација според COICOP (стапки на раст во %)




Извор: ДЗС.

Во декември, стапката на инфлација во еврозоната регистрира забрзан раст и изнесува 5,0% на годишно ниво (4,9% во ноември), што преставува највисока стапка на раст во последните 13 години. Растот на цените се должи на значителниот раст на цените на енергијата од 26,0% (27,5% во ноември), следен од порастот на цените на храна, алкохол и тутун од 3,2% (2,2% во ноември), неенергетските индустриски добра од 2,9% и услугите од 2,4%. Стапката на инфлација за 2021 година изнесува 2,6%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Во декември 2021 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 6,9% на годишно ниво. Зголемувањето на стапката на раст на цените на храната се должи на зголемувањето на цените на повеќе продукти пред се на Лебот (9,3%), Месото (5,7%) и Маслото (25,1%), кои што имаа најголем позитивен придонес кон зголемувањето на цените.

Графикон 1.10: Структура на инфлацијата според COICOP
(придонеси во п.п.)




Извор: ДЗС.

Највисок годишен раст на цените во декември 2021 година е забележан во категоријата Транспорт од 16,8%, што е резултат на растот на цените на воздушниот сообраќај и на горивата следен од порастот на цените во категориите Ресторани и хотели од 5,7%, Рекреација и култура од 3,2%, Здравствена заштита и Разновидни стоки и услугиод по 2,5%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,0% Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,8%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,5% и Облека и обувки од 0,4%. Пад на годишно ниво е регистриран во категориите Комуникации од 0,7% и Образование од 0,2%.

Потрошувачките цени во декември 2021 година се зголемија за 0,4% на месечно ниво (претходниот месец беше регистриран раст од 0,7%), пред сé како резултат на зголемените цени на храната. Цените на месечно ниво се зголемени во категориите: Транспорт од 1,1%, Храна и безалкохолни пијалаци и Ресторани и хотели од по 0,6%, Домување, вода, електрика, гас и други горива и Разновидни стоки и услуги од по 0,3%, Рекреација и култура од 0,2% и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,1%. Пад на цените е регистриран во категоријата Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,4%. Цените во останатите категории останаа непроменети.

Цените на мало во декември 2021 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 6,0%, а на месечна основа се зголемија за 0,8%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во декември 2021 година споредено со претходниот месец се намали за 8,0% и изнесува 74,3 долари за барел. Во текот на 2020 година, индустријата и економската активност во светот беа силно погодени од ограничувачките мерки поради пандемијата, па така во април 2020 година цената на нафтата го достигна дното, по што истата следи нагорен тренд на движење, за да во ноември 2021 година регистрира пад на месечно ниво, во одредена мера поради неизвесноста создадена со појавата на нова варијанта на коронавирусот. Со вакцинацијата и укинувањето на карантините агрегатната побарувачка имаше

Графикон 1.11: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
(цена во долари/барел; стапка на раст во %)




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

нагорен тренд на движење, но во услови на неусогласеност со понудата, цените на примарните производи имаа тенденција на пораст, вклучително и нафтата. Така, на годишно ниво, цената на нафтата е повисока за 49,0%.

Трендот на раст на цените на природниот гас продолжи од 2020 година па се до март 2021 година, кога цената забележа силен месечен пад, за да во април повторно се врати на патеката на раст и истата континуирано регистрираше високи стапки на раст, меѓутоа во ноември индексот регистрираше пад. Во декември цената на природниот гас регистрира раст од 16,7%. На годишно ниво, во декември цената на природниот гас е 3,7 пати повисока. Цената на гасот регистрира забрзан раст во последните месеци како резултат на зголемената побарувачка поттикната од економското закрепнување, но и затоа што сè повеќе држави се потпираат на природниот гас како енергенс што се употребува за загревање на домаќинствата и во индустриското производство, но и како резултат на напорите за истиснување на јагленот и спроведување на зелената агенда. Земјите во Европа во овој период сé повеќе се соочуваат со ниски залихи на природен гас, меѓутоа дополнителен проблем претставуваат и непогодните временските услови кои придонесоа за намалување на енергијата од алтернативните извори.

Графикон 1.12: Промена на цената на природниот гас
(базичен индекс; стапка на раст во %)




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во декември цените на повеќето основни метали бележат месечен раст на цената и тоа: цинкот за 2,7%, алуминиумот за 2,2%, калајот за 0,7% и никелот за 0,4%. Месечен пад на цените регистрираа бакарот и оловото за 1,8% и 1,2%, соодветно. Цената на железната руда регистрираше раст од 21,5%.

Во однос на благородните метали, златото во август 2020 година достигна историски највисока цена на светските берзи, по што следеше надолен тренд на истата сè до крајот на годината. Во 2021 година, цената на златото забележува наизменично движење и од јуни цената на златото бележи стапки на намалување, за да во октомври се врати на патеката на раст, меѓутоа во декеври цената на златото се намали за 1,7%. Трендот на месечно намалување на цената го следеа и останатите благородни метали, па така цената на платината се намали за 9,0% и цената на среброто регистрираше пад од 6,8%.

Графикон 1.13: Берзански цени на метали
(цени во долари/тон)




Извор: Светска банка.

Цената на пченката на светските берзи во декември 2021 година се зголеми за 6,4% на месечна основа, а цената на пченицата се намали за 2,0%.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешно - трговска размена во 2021 година изнесува 16.560,9 милиони евра и бележи раст од 23,8% во однос на 2020 година.

Во 2021 година, учеството на размената со Европската унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер е намалено за 0,6 п.п. споредено со 2020 година, и изнесува 59,2%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешно-трговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во 2021 година изнесува 25,4% и е намалено за 0,9 п.п. во однос на 2020 година.




## Извоз

Вредноста на извезените стоки во 2021 година, изнесува 6.922,6 милиони евра и бележи раст од 19,8% (1.144,7 милиони евра) во однос на 2020 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 10,5%.

Вредноста на извезените стоки во декември 2021 година изнесува 592,7 милиони евра и бележи раст од 8,7% (47,4 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 16,4% споредено со декември од 2020 година.




Анализирано на месечно ниво, во декември 2021 година извозот бележи пад од 3,5% (21,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 4,7%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (8,2 п.п.) врз извозот во овој месец.

[1] Започнувајќи од декември 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во 2021 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 47,3% од вкупниот извоз на државата.




Анализирано според економските групации[3] на земјите, во 2021 година споредено со 2020 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има само кај групацијата Организација на земјите-извознички на нафта и нафтени деривати. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 19,5% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 28,5%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 77,3% и 11,8%, соодветно.




## Увоз

Вредноста на увезените стоки во 2021 година изнесува 9.638,3 милиони евра и бележи раст од 26,9% (2.043,8 милиони евра) во однос на 2020 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 8,1%.

Вредноста на увозот во декември




2 Стандардна Меѓународна Трговска Класификација

3 Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извозници на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

2021 година изнесува 943,9 милиони евра, што претставува раст од 19,1% (151,6 милиони евра) во однос на истиот месец од 2020 година, а увезените количини стоки се намалени за 6,0%.

Анализирано на месечно ниво, во декември 2021 година увозот бележи раст од 7,5% (65,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 1,2%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (6,3 п.п.) врз увозот во овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2020 | I-XII-2021 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 67,8 | 81,1 | 13,2 | 19,5 |
| Мил.ЕУР | 1.154,6 | 1.599,9 | 445,3 | 38,6 |
| Мил $ | 1.331,4 | 1.892,3 | 560,9 | 42,1 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2020 | I-XII-2021 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 31,9 | 36,5 | 4,6 | 14,4 |
| Мил.ЕУР | 182,7 | 188,7 | 6,0 | 3,3 |
| Мил $ | 209,4 | 224,0 | 14,6 | 7,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2020 | I-XII-2021 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 729,8 | 743,3 | 13,5 | 1,8 |
| Мил.ЕУР | 556,1 | 776,6 | 220,5 | 39,6 |
| Мил $ | 635,6 | 917,0 | 281,3 | 44,3 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2020 | I-XII-2021 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 783,4 | 720,0 | -63,4 | -8,1 |
| Мил.ЕУР | 362,3 | 542,9 | 180,6 | 49,9 |
| Мил $ | 413,7 | 640,7 | 227,0 | 54,9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2020 | I-XII-2021 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 69,6 | 85,8 | 16,2 | 23,2 |
| Мил.ЕУР | 854,3 | 1.002,9 | 148,5 | 17,4 |
| Мил $ | 982,5 | 1.186,1 | 203,6 | 20,7 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2020 | I-XII-2021 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 65,6 | 75,8 | 10,1 | 15,5 |
| Мил.ЕУР | 686,6 | 842,7 | 156,1 | 22,7 |
| Мил $ | 789,0 | 995,8 | 206,8 | 26,2 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во 2021 година, трговскиот дефицит се зголеми за 49,5% односно 899,1 милион евра споредено со 2020 година.

Во декември 2021 година, трговскиот дефицит се зголеми за 42,2% односно 104,2 милиона евра споредено со декември 2020 година.

Графикон 2.6: Надворешно-трговска размена
(износи во милиони евра)




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со горива и мазива, индустриски набавки, стоки за широка потрошувачка, храна и пијалаци и стоки за инвестиции без транспортна опрема како и намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во 2021 година 75,7% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Грција, а потоа следуваат: Кина, Турција, Србија, Полска, Италија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Унгарија и Шпанија.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 90,5% од трговската размена во 2021 година е реализирана во евра, што во однос на 2020 година претставува зголемување за 1,2 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 93,1% и 88,6%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 1,0 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 1,4 п.п. во однос на 2020 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-XII-2020 | | | | | I-XII-2021 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич.000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 4.575,7 | 6.624.143.577 | 61,6742 | 408.538.755.772 | 87,2 | 5.267,3 | 8.543.524.777 | 61,6275 | 526.516.073.182 | 88,6 | 1.919.381.200 | 29,0 |
| УСД | 2.359,4 | 1.023.230.054 | 54,1332 | 55.390.717.136 | 11,8 | 2.231,0 | 1.195.146.927 | 52,1093 | 62.278.269.776 | 10,5 | 171.916.874 | 16,8 |
| ГБП | 3,5 | 20.520.546 | 69,4115 | 1.424.361.904 | 0,3 | 1,6 | 17.819.940 | 71,6806 | 1.277.343.995 | 0,2 | -2.700.606 | -13,2 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 6.938,6 | | | 465.353.834.811 | 99,0 | 7.499,9 | | | 590.071.686.953 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 6.954,9 | | | 468.387.425.623 | 100,0 | 7.519,7 | | | 594.023.223.284 | 100,0 | | 26,8 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во 2021 година изнесуваа 218.518 милиони денари, односно 30,3% од БДП, што претставува повисоко остварување за 15,1% во однос на 2020 година. Ова е единаесетти последователен месец во кој е забележан годишен раст на приходите, којшто во декември изнесува 7,4%. Растот е резултат и на пониските приходи во претходната година кога се почувствуваа значителни негативни ефекти од пандемијата врз буџетските приходи.

Даночните приходи се реализирани во износ од 124.286 милиони денари и се повисоки за 17,6% во однос на 2020 година, најмногу како резултат на високиот раст на приходите од данокот на додадена вредност (ДДВ).

Приходите од ДДВ стандардно имаат доминантно учество од 46,8% во вкупните даночни приходи со остварен износ од 58.194 милиони денари, што претставува зголемување од високи 24,1% во однос на претходната година. Притоа, ДДВ годинава е наплатен во бруто-износ од 89.466 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 31 .272 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 23,5%, додека поврато по основ на ДДВ е повисок за 22,4% споредено со 2020 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува повисоко остварување за 30,6%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 7,9%.

Графикон 3.1: Приходи по категории
(износи во милиони денари)




Извор: МФ.

Акцизите се остварени во износ од 25.549 милиони денари (учество од 20,6% во даночните приходи), што претставува зголемување од 13,8% во споредба со 2020 година. Така, само од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 83.743 милиони денари, што претставува 67,4% од вкупните даночни приходи во 2021 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од

20.552 милиона денари и бележат раст од 10,3% на годишна основа, а притоа 66,2% од приходите се од плата и други лични примања, 8,1% од приходи од капитал, 7,8% од приходи по основ на договор на дело, 7,2% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 10,6% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 10.871 милион денари и забележаа поголемо остварување за 3,6% во однос на претходната година како резултат на исклучително позитивните остварувања кај даночните биланси, коишто се зголемени за над 70%, додека данокот по месечни аконтации се намали за 7,0%.

Приходите од царина се остварени во износ од 8.479 милиони денари и забележаа зголемување од 25,8%. Приходите од други даноци со остварен износ од 641 милион денари забележаа зголемено остварување за 25,7% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 70.620 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 6,1% споредено со претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 6,2%, кај придонесите за здравствено осигурување е повисока за 6,0%, а кај придонесите за вработување за 5,8%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 14.387 милиони денари и во однос на 2020 година забележаа повисоко остварување за 25,5% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствария во износ од 1.928 милиони денари, што е зголемување од 4,7% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствария во износ од 5.894 милиони денари и се скоро двојно повисоки во однос на 2020 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во 2021 година изнесуваа 257.353 милиони денари, односно 35,7% од БДП, што е за 5,6% повеќе во однос на претходната година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 233.950 милиони денари учествуваа со 90,9% и се зголемени за 2,8% во однос на 2020 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 31.008 милиони денари, што претставува зголемување за 4,1% во однос на претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,0%.

Графикон 32: Расходи по категории
(износи во милиони денари)




Извор: МФ.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 20.100 милиони денари и споредено со 2020 година забележаа зголемување од 30,3%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 173.788 милиони денари. Средствата за трансфери



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

забележаа пониска реализација за 0,3% споредено со година и учествуваа со 67,5% во вкупните расходи.

Во рамки на трансферите, раст од 3,3% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 121.927 милиони денари, со што учествуваат во вкупните расходи со 47,4%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 71.963 милиона денари, што е зголемување за 4,3% споредено со 2020 година и учествуваат со 28,0% во вкупните расходи. Во категоријата други трансфери е регистриран пад од 4,8%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваат 28.197 милиони денари и се намалени за 7,8%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 19.083 милиони денари останаа непроменети во споредба со претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 23.403 милиони денари со структурно учество од 9,1% во вкупните расходи, така што забележаа значително повисока реализација (раст од 45,2%) во споредба со 2020 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува над 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во 2021 година реализираше 53.399 милиони денари или 96,9% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (68,0%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 36.287 милиони денари или 98,9% од средствата наменети за 2021 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 22,2% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 97,7% (11.872 милиони денари) од планираните за 2021 година.

Во 2021 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 62.245 милиони денари, што претставува 94,5% од предвидените за 2021 година. Отплата на главнина (42.405 милиона денари) е убедливо најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 68,1%, а притоа се реализирани 98,2% од планираните. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 14,6% од вкупните расходи, за што се реализирани 9.074 милиони денари или 100,1% од вкупниот буџет за оваа намена. За капитални расходи се издвоени 6.706 милиони денари (75,5% од планираното), односно 10,8% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 26.013 милиони денари, што е 95,1% од вкупниот буџет за 2021 година. Најголем дел од расходите (62,3%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 16.198 милиони денари или 99,7% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 16,1%, за што се потрошени 4.185 милиони денари, односно 95,8% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 11.605 милиони денари, што претставува 97,6% од сопствениот буџет

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

за 2021 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 69,8%, за што се потрошени 8.097 милиона денари или 100,0% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 18,9%, за што се реализирани 2.196 милиона денари или 94,4% од годишниот план.

Во 2021 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 9.417 милион денари што претставува 98,0% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 84,8% во вкупните расходи, реализирани се 98,6% од планираните средства за цела година, односно 7.988 милиони денари.

Министерството за одбрана во 2021 година реализираше буџетски средства во износ од 10.012 милиони денари, што е 94,4% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 41,5%, за што во овој период се реализирани 4.151 милион денари (99,8% од вкупно предвидените средства за тековната година). Стоките и услугите учествуваат со 23,2% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 2.318 милиони денари, односно 90,9% од вкупно предвидените.

Графикон 3.3: Структура на расходите по буџетски корисници и раздели (2021 година)



Извор: МФ.

Владата на Република Северна Македонија во 2021 година реализираше вкупно 13.352 милиони денари, односно 97,8% од планираните средства за 2021 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со високи 77,3% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 10.315 милиони денари (96,8% од предвидените средства).

Министерството за здравство, во 2021 година изврши буџетски средства во износ од 8.391 милион денари, што е 96,3% од вкупниот буџет за 2021 година. Стоките и услугите имаат најголемо учество во расходите со 52,6%, за што во овој период се потрошени 4.414 милиони денари или 96,9% од средствата наменети за 2021 година. Втора најзначајна ставка е Тековни трансфери до вонбуџетските фондови со реализација од 3.340 милиони денари (100,0% од планираното за годината) и учество од 39,8% во вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализираше средства во износ од 2.769 милиони денари, што е 70,3% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 71,4% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (1.977 милиони денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (http://finance.gov.mk/mk/node/693).

## Буџетско салдо

Во 2021 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 38.835 милиони денари, што претставува 5,4% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 40.530 милиони денари и претставува 5,6% од БДП. Буџетскиот дефицит во 2021 година го надмина вкупно планираниот буџетски дефицит за 11,2%.


MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во периодот јануари – декември 2021 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 199.819 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2020 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 14,7%. Високиот раст, меѓу другото, е резултат и на базниот ефект, откако во истиот период минатата година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.

Од вкупниот број нововработени, 41,9% се вработени на неопределено време, а останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во декември 2021 година 19,2% се од евиденцијата на невработени.

Графикон 4.1: Преглед на невработени лица
(износи во единици)




Извор: АВРСМ.
Забелешка: Во март 2021 година е извршено прочистување на списоците на невработени лица.

Вкупниот број невработени лица во декември 2021 година изнесува 185.620, од кои 130.982 се активни баратели на работа, а 54.638 се останати невработени лица. Споредено со декември 2020 година, вкупниот број невработени лица е намален за високи 24,4%. На месечна основа, бројот на невработени е намален за 2.442 лица, со што ова е десетти месец по ред во кој е регистриран пад на бројот на невработени, откако во 2020 година овој број генерално беше во пораст.

Најголем дел од активните невработени лица (61,6%) се градско население, а според половата структура 48,9% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 67,1%, се со не потполно средно образование или помалку, 24,5% се со завршено средно образование, додека 8,4% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Графикон 4.2: Преглед на нови вработувања
(износи во единици)




Извор: АВРСМ

Анализирано според старосната структура, 50,0% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 68,8% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 5,9% чекаат 8 и повеќе години.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## Плати

Просечната номинална нето-плата во ноември 2021 година оствари годишен раст од 5,6%, а во однос на октомври 2021 година истата е пониска за 0,1%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на ноември 2020 година се забележува во следните сектори: Стручни, научни и технички дејности (14,4%), Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (11,5%) и Информации и комуникации (11,3%). Реалните плати во ноември 2021 година забележаа годишен раст од 0,7%.



Графикон 4.3: Просечна нето-плата (годишни стапки на раст во %)
Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во ноември 2021 година на годишна основа бележи раст од 5,8%, а во однос на претходниот месец истата е пониска за 0,1%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во ноември 2021 година во однос на ноември 2020 година се забележува во следните сектори: Стручни, научни и технички дејности (13,6%), Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (11,8%) и Информации и комуникации (11,6%). Реалната бруто-плата во ноември забележа годишен раст од 0,9%.



Графикон 4.4: Просечна нето-плата по сектори (годишни стапки на раст во %)
Извор: ДЗС.

## Пензии

Во декември 2021 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 327.535 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 67,8% се корисници на старосна пензија, 23,0% се корисници на семејна пензија и 9,2% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во декември 2021 година изнесува 15.856 денари и е за 2,6% повисока споредено со истиот месец 2020 година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во ноември 2021 година (последни расположливи податоци) изнесува 54,3%.



Графикон 4.5: Корисници на пензии и просечна пензија (корисници во единици; просечна пензија во денари)
Извор: ФПИОСМ.
Забелешка: Во податоците за август 2020 година не се вклучени корисниците кои својата пензија ја примале преку Еуростандард банка.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

Просечната старосна пензија во декември 2021 година изнесува 17.140 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 14.296 денари, а просечната семејна пензија 12.696 денари. За исплата на пензиите во декември 2021 година се потрошени 5.096 милиони денари, што претставува 45,3% од вкупните социјални трансфери.

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити (декември 2021 година)




Извор: НБРСМ.

Во декември 2021 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на нивото од 1,25%, откако во првиот квартал ја намали основната каматна стапка за 0,25 п.п.од 1,5% на 1,25%, како резултат на олабувањето на монетарната политика. Народната банка ја намали каматната стапка на благајничките записи во три наврати претходната година со цел поддршка на економската активност во услови на пандемија. Намалувањето на основната каматна стапка до нивото од 1,25% се очекува да придонесе за намалување на цената на финансирање преку кредити од банките и натамошна кредитна поддршка на приватниот сектор, заради ублажување на ефектите од пандемијата врз домашната економија, којашто сѐ уште трае.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

### Примарни пари

Во декември 2021 година, примарните пари[6] се зголемија за 16,5% на годишно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 35,6%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 2,7%.

На месечно ниво, примарните пари се зголемија за 3,3%, што е резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 5,0% и растот на готовите пари во оптек за 1,6%.

Графикон 5.2: Депозити и кредити (стапки на раст во %)




Извор: НБРСМ.

### Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во декември 2021 година се зголемија

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).
[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничкатамисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

за 2,7% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија и домаќинствата се зголемија за 4,3% и 2,2%, соодветно.

Од аспект на валутата, во декември 2021 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута и странска валута се зголемија за по 2,7%,

Вкупниот депозитен потенцијал во декември 2021 година оствари раст од 7,8% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 2,0% и 16,5%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 14,6% и 7,1%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 12,2%, а долгорочните депозити се намалија за 5,3%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 57,0%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (декември 2021 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***468.649*** | ***2,7%*** | ***7,8%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *266.975* | *2,7%* | *2,0%* |
| *Странска валута* | *201.674* | *2,7%* | *16,5%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *200.811* | *2,7%* | *12,2%* |
| *Долгорочни* | *97.998* | *-0,6%* | *-5,3%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***386.884*** | ***1,7%*** | ***8,3%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *229.590* | *1,8%* | *9,9%* |
| *Странска валута* | *157.294* | *1,5%* | *6,0%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *61.456* | *2,4%* | *10,0%,* |
| *Долгорочни* | *309.638* | *1,9%* | *8,5%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *12.397* | *-3,4%* | *5,8%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во декември 2021 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 1,7% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата и кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 3,0% и 0,4%, соодветно. Од аспект на валутата, во декември 2021 година, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 1,8%, а девизните кредити регистрираа раст од 1,5%.

На годишна основа, во декември 2021 година вкупните кредити се зголемија за 8,3%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 7,8% и раст на кредитите кон претпријатијата од 8,3%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 9,9%, а кредитите во странска валута за 6,0%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,5%, а краткорочните кредити од 10,0%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во декември 2021 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,05 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,37%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,07 п.п. и изнесува 4,6 5%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 4,02%.

Вкупната каматна стапка на депозитите во декември 2021 година изнесува 0,74% и е намалена за 0,02 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити е намалена за 0,01 п.п. и изнесува 1,08%, како и каматната стапка на девизните депозити која е намалена за 0,02 п.п. и изнесува 0,45%

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити (во %)




Извор: НБРСМ.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во декември 2021 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 31,6% на месечно ниво како резултат на намалувањето на прометот од блок трансакциите за 89,17%, додека прометот од класичното тргување се зголеми за 69,6%.

Вкупниот промет на берзата во декември 2021 година изнесуваше 840,4 милиони денари и истиот е зголемен за 69,1% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на декември 2021 година изнесуваше 6.153,48 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 4,5%, а во однос на истиот месец претходната година регистрираше раст од 30,8%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10 (промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)




Извор: МБ.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на декември 2021 година изнесуваа 3.643,28 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемија за 2,0%, а во однос на декември 2020 година регистрираа раст од 8,4%.